Врз основа на член 105 став 5, член 109 став 1 точка 1 точка 7 и член 111 став 2 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/2009, бр. 57/2010, бр. 36/2011, бр. 54/2011, бр. 13/2012, бр. 55/2013, бр. 163/2013, бр. 42/2014 и бр. 199/2014, 146/2015, бр. 31/2016 и бр. 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/2020, бр. 150/2022, бр. 224/24 и бр. 160/2025), Регулаторната комисија за домување, на седницата одржана на 3.11.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува Програмата за обука за вршење на дејностите за управување со станбени згради донесена од страна на Регулаторната комисија за домување.

**Член 2**

Програмата за обука за вршење на дејностите за управување со станбени згради се состои следниве правни прописи и подзаконски акти:

- Законот за домување и подзаконски акти од Законот за домување;
- Законот за сопственост и други стварни права во делот во кој се уредува етажната сопственост, правата и обврските на сопствениците на посебните делови; соседското право и правото на служебеност;
- Законот за Облигациони односи во делот на учесници во облигационите односи, договорни страни, договори со трети лица, настанување и престанок на должничко доверителски односи, застареност;
- Закон за инспекциски надзор.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува во рок од три месеци од денот на обајавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-608/1
3 ноември 2025 година
Скопје

Претседател на Регулаторна комисија за домување
м-р Зоран Маџовски, с. р.